**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
Градежништво и заштита на животната средина
број:11-389/3 од 13.06.2023год.

Градоначалникот на Општина Гевгелија, решавајќи по барањето на ЕЛС Општина Гевгелија, поднесено преку информацискиот систем е-урбанизам (постапка бр.52587), поднесено под бр.11-389/1 од 26.05.2023год. за одобрување на Планска програма, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува **Планска програма** за Урбанистички план вон населено место за повеќенаменска зона - Локалитет Конска Брана, КО Конско, општина Гевгелија, со тех.бр.0801-06-05/23 од 05/2023 изработена од ДПТУ ,,Иванов Инженеринг,, доо Битола.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот ЕЛС Општина Гевгелија ЕМБС 5993261 со седиште на ул.,,Димитар Влахов,, бр.4 од Гевгелија, поднесе барање за одобрување на Планска програма за Урбанистички план вон населено место за повеќенаменска зона - Локалитет Конска Брана, КО Конско, општина Гевгелија, со тех.бр.0801-06-05/23 од 05/2023 изработена од ДПТУ ,,Иванов Инженеринг,, доо Битола.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

- Планска програма за Урбанистички план вон населено место за повеќенаменска зона - Локалитет Конска Брана, КО Конско, општина Гевгелија;
- Услови за планирање на просторот со намена повеќенаменски комплекс Локалитет Конска Брана, КО Конско, издадени од Агенцијата за планирање на просторот (pdf формат);
- Решение за услови за планирање на просторот Арх.бр.УП1-15 402/2023 од 13.03.2023год. (pdf формат);
- Записник од седница на Партиципативно тело на општина Гевгелија, бр.11-383/2 од 26.05.2023год. (pdf формат);

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледување на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планска програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр.11-389/2 од 05.06.2023год. издаден од Комисија за урбанизам.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20).

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Андон Сарамандов,**

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.06.15 12:03:43 +02'00'